**Славица Шекуткоска**
Специјалист по социјална работа во здравство
Здружение на социјални работници на град Скопје

# СОС ЛИНИЈА ЗА ПОМОШ ОД ДРОГА - СОЦИЈАЛЕН СЕРВИС НА ГРАЃАНИТЕ

UDK:364.636-784-056.83(497.7)

**Апстракт**

Употребата на дрога претставува сериозен медицински, психолошки, но и социјален проблем. Семејствата и лицата со проблематична употреба на дрога се соочуваат со низа сериозни проблеми кои оневозможуваат нивно нормално функционирање. Во светот за надминување на овие проблеми функционираат повеќе сервиси. Здружението на социјални работници на град Скопје со цел да ги следи активностите за превенција од употреба на дрога, ја отвори националната бесплатна телефонска линија 080011444. На линијата граѓаните од Република Македонија можат да добијат информации за проблемите со кои секојдневно се соочуваат, а се поврзани со употреба на дрога.

Нејзината работа е комплементарна со севкупните активности за намалување на побарувачката за дроги во Република Македонија. Таа е во согласност со залагањата на меѓународната заедница да ги зајакне своите активности во областа на намалувањето на побарувачката на дрога, формулирани во декларацијата за водечките принципи за намалување на побарувачката на дрога усвоена на дваесеттото специјално заседание на Генералното собрание на ООН, посветено на светскиот проблем на дрога (УНГАСС) и со акционият план за борба против дрога на ЕУ.

Активноста на СОС линијата за помош од дрога е придонес кон залагањата на Владата на Република Македонија за придружување кон ЕУ. Нејзината потреба за постоење е зацртана во националната стратегија за droги на Република Македонија како и во Акционата програма на потребни активности во превенција, лекување, рехабилитација и ресоцијализација на лицата со проблематична употреба на дрога и членовите на нивните семејства.

Реализацијата на активностите се темели на принципите на партнерство и споделена одговорност и е придонес кон јакнење на граѓанското општество.

Република Македонија е соочена со проблемот на дрогата,односно со брз пораст на бројот на млади луѓе што употребуваат дроги и имаат проблематична употреба на дроги, пред сè, марихуана и хероин,но и синтетички дроги од амфетамински тип(екстази).

Употребата и проблематичната употреба на дрога се сериозна закана за здравјето и за психофизичкиот развој на млади луѓе. Употребата на дрога тешко ги оштетува способностите за учење,негативно влијае на семејството,честопати предизвикува семејно насилство,поврзана е со криминал, насилство, школски неуспех и со ширење на заразни болести како што се хепатит Ц и СИДА.

СОС линијата за помош од дрога преставува еден од сервисите за помош, превенција и поддршка на лицата со проблематична употреба на дрога како и за нивните семејства. Бесплатната телефонска линија на која работат социјални работници и студенти кои имаат континуирана едукација, на граѓаните им нуди информации за видови дроги, нивни дејства, институции за лекување, ризик за заразување со ХИВ/СИДА и ХЦВ.

Мотото на линијата е: лесно достапни, доверливи, информираме, советуваме, неосудуваме и слушаме.

Основните принципи на работа се почитување на личноста на секој јавувач, доверливост на информациите,анонимност на лицето што се јавува, неосудување на лицата кои се јавуваат и лесна достапност што го овозможува бесплатниот повик.

Целите на создавањето на овој сервис се информирање на граѓаните за дрогите, ХИВ/СИДА и сексуално преносливи инфекции; подигнување на општествената свесност за прифаќање на лицата со здравствени, социјални и други проблеми, предизвикани со употреба на дрога; давање информации за начините на намалување на штетите предизвикана со употреба на дроги; упатување на граѓаните што бараат здравствена, социјална и друга помош во соодветни институции за социјална и здравствена заштита; соработка со државните институции, приватните ординации, невладини организации и со средствата за јавно информирање.

**Материјал и методи**

Во истражувањето се обработени евалуационите листи кои се пополнуваат од јавувањата на линијата, во периодот од десет години,2003-2013год.

**Клучни зборови:** СОС линија за помош од дрога, јавувачи, леснодостапни, доверливи, информираме, советуваме, слушаме.

**Резултати:**

Од извршената евалуација и статистичката анализа на јавувањата во период од десет години(2003-2013)на линијата имало вкупно 6072 повици.Според информацијата добиена од лицата кои се јавиле на линијата јавувања има од сите градови во Република Македонија, но најголемиот број се од: Скопје (70%), потоа Битола, Тетово,Штип, Прилеп, Охрид итн.




Од вкупниот број на јавувачи на линијата најголем број биле родители (55%)кои се и најчесто корисници на нашите услуги сѐ со единствена цел да им помогнат на своите деца.




Значително е помал бројот на лицата кои се јавиле да постават прашање лично за себе (21%).

Според информациите за видот на дрогите кои се употребуваат најголем број информации се побарани за марихуаната(48%),а (28%) за хероинот. За другите дроги прашањата се со помала бројка.




Според нашата анализа во овој период најчесто употребувана дрога е хероинот(48%), а канабисот (28%).




Најголем број од јавувачите кои се јавиле на линијата поставиле прашање и се интересирале за институциите за лекување кои го третираат овој проблем(51%)за видовите дроги(13%),совет за тоа како да препознаат лице кое можеби користи дрога(15%),тестирање за да се утврди присуство на дрога во организмот (9%).




Граѓаните на линијата можат да добијат повеќе видови информации (дрога, хив/сида, сексуално преносливи инфекции), според статистиката најголем број од нив поставиле прашања поврзани за дрога (60%), ХИВ/СИДА (21%), препознавање корисници на дрога(13%), совети(6%).



Од анализата за десетгодишната работа на линијата како и од анализата спроведена на крајот на секоја година може да се забележи дека најголемиот број од проблемите искажани од страна на јавувачите се здравствени проблеми (40%),семејни (35%) и социјални проблеми (12%).




Искуството покажува дека е потребно да се посвети значајно внимание на овие проблеми,особено на семејните кои многу често допринесуваат за појава на семејно насилство во истите.

Со анализата на прашалниците кои се пополнуваат за секој јавувач на линијата може да се забележи дека најголем број од јавувањата се од Скопје,дека најзагрижени за проблемот се мајките,а најчесто поставувано прашање е за институции за лекување. За одбележување е појавата на семејно насилство од страна на лицето со проблематична употреба на дрога врз членовите на семејството.

Од досегашната работа на линијата како и од реализираните советувалишта со лицата кои употребуваат дроги и нивните семејства се согледува потребата од создавање на повеќе активности – сервиси во насока на превенција,третман и ресоцијализација на лицата со проблематична употреба на дрога.

Постоечките институции за третман не ги задоволуваат потребите на граѓаните кој се соочуваат со проблематична употреба на дрога или тие се незадоволни од нивната организација.Исто така, недостасува координираност на институциите и активностите од страна на граѓанскиот сектор во насока на ресоцијализација на лицата со проблематична употреба на дрога.

Семејставата и лицата со проблематична употреба на дрога секојдневно се соочуваат со стигма и дискриминација во секојдневното живеење,како и неможност за надминување на своите здравствени,психолошки и социјални проблеми.Ваквата состојба е поради отсуството на поддршка и помош од заедницата во која живеат и недостаток на сервиси во истата.Сето ова е условено од нерелизираната децентрализација на проблемот во локалната заедница.

## Литература

Национална стратегија за droги на Република Мкедонија2006-2012 (Министерство за здравство на РМ, Скопје 2007)

United Nations Single Convention on Narcotic Drugs, 1961, 1972 Protocol Amending the Single Convention on Narcotic Drugs, 1961, United Nations Convention on Psychotropic Substances, 1971, United Nations Convention against Illicit Traffic in Narcotic Drugs and Psychotropic Substances,1988

UN Convenion on Psychotropic Substances, 1971

Council of the European Union (2004) EU Drugs Strategy 2005–2012. Document no. 15074/04. Brussels, 2004. http://register.consilium.europa.eu/pdf/en/04/st15/st15074.en04.pdf

UNODC (2008), Drug dependence treatment: sustained recovery management, United Nations, Vienna, 2008.

Достапно на: http://www.unodc.org/docs/treatment/111sustained_recovery_management.pdf

Guidelines for estimating the incidence of problm drug use EMCDDA, Lisbon 2008

Plan Nacional sobre Drogas. Servicio Sociales y Drogodependencias. Miisterio del Interior.Delegación del Gobierno para el Plan Nacional sobreDrogas Madrid 1997, стр.16

EU Action Plan 2000-2004, EU Drugs Strategy 2005-2012

EMCDDA Insights.Social reintegration and employment: evidence and interventions for drug users in treatment, EMCDDA, Lisbon 2012

Тулевски ИГ. Социодемографски и клинички карактеристики на лицата лекувани во Дневната болница за превентива и лекување на зависност од дрога во Кисела Вода во периодот 1995-2002. Во: Тулевски ИГ. Зависност од дрога. Матица, Скопје 2009

EU Action Plan 2000-2004, EU Drugs Strategy 2005-2012

Шекуткоска С. Личната средина како елемент во комплексниот третман кај лицата зависни од дрога. Специјалистички труд. Институт за социјална работа и социјална политика. Филозофски факултет, Скопје 2000

Sumnall H, BrotherhoodA. Insights Education and (vocational) training (including life skills training, work placements), EMCDDA, Lisbon 2012 (http:// europa.eu)

MCDDA. European Drug Repor. Trends and developments 2014. EMCDDA, Lisbon 2014, стр. 48

EMCDDA. European Drug Report. Trends and developments 2013, EMCDDA, Lisbon, 2013

Даниловски Д, Тулевски И, Николовска Г, Шекуткоска С. Национален истражувачки проект за ризичното однесување кај лицата што употребуваат дрога. ФАРЕ повеќе кориснички програм за борба против дрога. ТАДДР, Скопје, 1999